Република Северна Македонија
ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА
КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ
Бр. 01-186/16
06.12. 2019 год.
Скопје

Врз основа на член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија", бр. 58/00, 44/02, 82/08 и 167/10 ,51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19 и 110/19), член 67 од Законот за класифицирани информации („Службен весник на Република Македонија", бр. 9/04, 113/07, 145/10, 80/12 и 41/14) и член 17 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 27/16 и 35/18) директорот на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, донесе:

# П Р А В И Л Н И К
## за изменување и дополнувања на Правилникот за систематизација на работните места во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации

### Член 1

Со овој правилник се вршат измени и дополнувања на Правилникот за систематизација на работните места во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, Бр.01-283/1 од 19.08.2016 година, како и Правилниците за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на ДБКИ Бр. 01-283/7 од 29.09.2016 година, Бр. 01-70/2 од 31.01.2018 година, Бр. 01-188/1 од 20.03.2018 година, Бр. 01-188/4 од 16.05.2018 година, Бр.01-186/2 од 13.03.2019 година,Бр.01-186/6 од 22.04.2019 година и Бр.04-186/12 од 18.07.2019 година.

### Член 2

Во член 13 точка Сектор за општи и правни работи, за поддршка на работата на директорот, меѓународна соработка и за инспекциски надзор, Одделение за меѓународна соработка, кај работното место под реден бр.9, Помлад соработник за соработка со меѓународни институции, УПР 01 01 В04 000, 1 извршител, во делот „Вид на образование" за наведеното работно место, зборовите „(науки за книжевност и економски науки)" **се заменуваат** со зборовите „(одбрана и политички науки)".

Член 3

Во член 13 точка Сектор за општи и правни работи, за поддршка на работата на директорот, меѓународна соработка и за инспекциски надзор, кај работните места под реден број: 2, 3, 4, 5 и 6 во делот „Други посебни услови" зборовите „поседување на национален безбедносен сертификат со степен „ДРЖАВНА ТАЈНА" " **се заменуваат** со зборовите „поседување на национален безбедносен сертификат со степен „ДОВЕРЛИВО" . Кај работните места под реден бр. 1 , 7, 8, 9, 14, 15, 16 и 17 во делот „Други посебни услови" зборовите „поседување на национален безбедносен сертификат со степен „ДРЖАВНА ТАЈНА" **се заменуваат** со зборовите „поседување на национален безбедносен сертификат со степен „СТРОГО ДОВЕРЛИВО".

Во член 13 точка Сектор за административна, персонална и за индустриска безбедност на класифицирани информации, кај работните места под реден број: 24, 25, 26, 27, 28, 29, 30 и 31 во делот „Други посебни услови" зборовите „поседување на национален безбедносен сертификат со степен „ДРЖАВНА ТАЈНА" **се заменуваат** со зборовите „поседување на национален безбедносен сертификат со степен „СТРОГО ДОВЕРЛИВО".

Во член 13 точка надвор од секторите, Одделение за финансиски прашања, кај работните места под реден број: 42, 42а, 43 и 44 во делот „Други посебни услови" зборовите „поседување на национален безбедносен сертификат со степен „ДРЖАВНА ТАЈНА" **се заменуваат** со зборовите „поседување на национален безбедносен сертификат со степен „ДОВЕРЛИВО".

Во член 13 точка надвор од секторите, Одделение за управување и развој на човечки ресурси, кај работните места под реден број: 45, 46, 46а и 47 во делот „Други посебни услови" зборовите „поседување на национален безбедносен сертификат со степен „ДРЖАВНА ТАЈНА" **се заменуваат** со зборовите „поседување на национален безбедносен сертификат со степен „ДОВЕРЛИВО".

Член 4

Овој Правилник влегува во сила од денот на неговото донесување, а ќе се применува по добиената согласност од Министерство за информатичко општество и администрација и неговото објавување на огласната табла во Дирекцијата.

**ДИРЕКТОР**
Стојан Славески